МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МЦМС е-Билтен

Јули 2009
БРОЈ 95

Распишани избори за извршен директор

Управниот одбор на МЦМС на 16 јули 2009 година ја одржа 5-тата редовна сеница.

Членовите ги усвоија Правилата за избор на Одбор на директори и донесоа одлука за избор на Номинациски комитет. Последователно, претседавачот на УО распиша избори за извршен директор.

Беа одобрени завршните извештаи за програмите: Институционален развој на граѓанското општество (ИГО) 2006 - 2008 и Организациски развој на актерите на граѓанското општество (ОРР) 2006 - 2008.

Одборот на директори ги информираше членовите на УО за основањето на сојузот Македонија без дискриминација и за основањето на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН).

Управниот одбор ја донесе и одлуката за утврдување на најниската плата во МЦМС.

Обуки на МЦМС Стратегија за успех

МЦМС ве повикува да ја посетите обуката „Стратегија за успех" која ќе ви овозможи да ги утврдите критичните прашања, да ја дефинирате визијата и да поставите реални и мерливи цели за вашата организација.

Обуката ќе се одржи од 30 септември до 3 октомври 2009 година во Охрид, а обучувач ќе биде Фатмир Битиќи.

Стратешкото планирање е основно во процесот на одлучување за тоа каде организацијата сака да се најде себе си во иднина и како ќе стаса таму. Тоа е сериозна анализа на надворешните фактори кои влијаат на успехот и неуспехот на организацијата и нејзините активности и има за цел разрешување на проблемите на организацијата и јакнење на внатрешните тимови. Тоа придонесува во развојот на капацитетот на организацијата и во ефикасноста во постигање на поставените цели и задачи.

Стратешкото планирање овозможува преживување на организацијата во услови на отежнато финансиско работење.

Неколку збора до Оли Рен



И граѓанскиот сектор му пренесе порака на комесарот Рен

При посетата на Македонија, еврокомесарот Оли Рен имаше можност да ги слушне и размислувањата на дел од граѓанскиот сектор преку претставникот на Граѓанската платформа на Македонија, Александар Кржаловски.

Според Кржаловски, Комисијата треба да препорача почеток на преговори за членство на Македонија во ЕУ заради досегашните постигнувања, но и како поттик за понатамошни реформи.

Постигнувањата ги истакна и комесарот Рен велејќи дека Македонија има постојан напредок во ЕУ агендата. Понатаму, според Кржаловски, „одложувањето станува контрапродуктивно" и на крај „од аспект на самиот граѓански сектор", вели Кржаловски, „сега нема посебен услов за тоа во 8-те одредници, што (и покрај напредокот) ги одложува реформите на тој план".

На крај во обраќањето до Оли Рен Кржаловски потенцираше дека „оваа година на нашето полнолетство (која вие лани ја најавивте како многу важна за регионот) е вистинскиот момент за унапредување на односот во рамноправно партнерство, со почеток на преговорите за членство во ЕУ."

Претпазливо со дискриминираните групи луѓе



Сега подобро ќе ги распознаваат актите на дискриминација

МЦМС од 23 до 24 јули 2009 година во Скопје ја организираше основната обука за недискриминација.

Целта на обуката беше да се зајакнат капацитетите на државните институции за делување во промоцијата на еднаквите можности и недискриминацијата. Обуката им беше првенствено наменета на координаторите за еднакви можности во државните институции и вработените во центрите за социјална работа.

„Работам на непосредна социјална заштита, значи со маргинализирани категории луѓе и секојдневно се соочувам со дискриминацијата", раскажува Билјана Невчева од Министерството за труд и социјална политика. „Не сум посетувала до сега обука за дискриминација. Обуката е многу интересна и ми се допаѓа тоа што е интерактивна, не сум пасивен слушател туку активен учесник што ми го задржува вниманието цело време на темата. Кога дојдов на обуката мислев дека знам речиси се, ама откриv дека сум била во заблуда. И откриv дека некогаш несвесно и несакајќи и сама сум била во улога на дискриминатор но, и во улога на жртва на дискриминација. Не велам дека по обуката преку ноќ ќе се сменам, ама сигурно ќе бидам повнимателна и ќе имам повеќе обзир кон одредени категории луѓе", вели Невчева.

Преку обуката учесниците имаа можност да се запознаат со основните поими на не/дискриминацијата, да ги зајакнат своите капацитети во однос на свеста за дискриминацијата, да се запознаат со домашните и меѓународните нормативни акти за заштита од дискриминација, како и да работат на конкретни студии на случаи.

„Има работи што прв пат ги дознавам на обукава", ни рече Валентина Русковска, координатор за еднакви можности во Министерство за локална самоуправа. Мислам дека до сега не сум ги препознавала и верувам дека ќе ми користат во работата. Од учеството на обуките обично изготвуваме извештаи. Заедно со мојата колешка ќе подготвиме и презентација за останатите колеги, мислам дека ќе им биде интересно да ги слушнат овие работи", додаде таа.

И обучувачките се задоволни од тоа како учесниците и приоѓаат на дискриминацијата. „Тие учествуваат во дискусиите, ги осознаваат работите од друг аспект што за нив не бил вообичаен и тоа само ја продлабочува дискусијата", рече Наташа Постоловска. „Самите споделуваат доста лични искуства кои сега ги гледаат од друга перспектива. За голем дел од нив ова е прво вакво искуство, вели таа.

Покрај Постоловска, обуката ја спроведе и Мирдита Салиу.

Обуката е поддржана од Генералниот директорат за вработување, социјални работи и еднакви можности на Европската комисија. Финансирање е обезбедено под покровителство на ПРОГРЕС Програмата за вработување и социјална солидарност на Европската комисија (2007-2013).

Нови вештини за односи со јавноста

Од 7 до 10 јули МЦМС ја одржа обуката за односи со јавноста. Дванаесетте учесници имаа можност да дознаат повеќе за односите со јавноста и односите со медиумите, сами да подготват прес соопштение и да организираат прес конференција, да бидат дел од телевизиско и радио интервју, да организираат настани и да направат презентација.



На обуката им беше посветено внимание и на новите технологии кои се користат во односите со јавноста како што се социјалните медиуми и пишувањето за веб.

Учесниците, претставници на граѓански организации, верски заедници или едноставно индивидуалци кои решиле да си ги подобрат вештините за односи со јавноста се соочија со предизвиците на претставувањето во јавноста, со тремата и стравот од камери, со потребата од концизни и јасни изјави и пишувањето информации на начин што ќе ја заинтересира јавноста.



Задоволни од она што можеа да го научат тие изјавија дека ќе ги искористат новите знаења и вештини во сегашните и идните организации каде се или ќе бидат ангажирани.

Обуката ја спроведе Гонце Јаковлеска, делот за социјални медиуми Борис Ристовски, а за интервјуата беа задолжени Душко Арсовски, новинар и уредник на вести од Алфа телевизија и Стојан Наумов, поранешен новинар на Канал 77, член на Советот за радиодифузија.



Како до фондовите на ЕУ



Теоријата најдобро се памети низ практична работа

Од 15 до 17 јули оваа година, во Охрид, МЦМС ја организира и спроведе обуката „Пристап до ЕУ фондови и подготовка на апликации".

Учесниците имаа можност да слушнат и научат повеќе за тоа кои се основните карактеристики на ЕУ фондовите, за процесот на аплицирање, потоа за логичката рамка и логиката на интервенција, за претпоставките и ризиците, за индикаторите, за буџетирањето и администрацијата и плаќањата.

„Предавачите беа одлични, а материјата обемна и комплицирана за усвојување за толку кратко време", вели Љупчо Довичински од трговското друштво за вработување на инвалидни лица „Дитрејд" од Виница. „Не сум работел до сега на проект и ако се нафатиме да аплицираме за европските фондови ќе ни биде потребно водење низ процесот. Разбрав дека во другите компоненти на ИПА фондовите ќе има простор за аплицирање од страна на малите и средни претпријатија и тогаш ќе ги примениме знаењата и вештините стекнати на обуката", додава тој.

И за Наташа Несторoска од Организацијата на жени од Струга обуката беше доста корисна. „Имав генерални познавања за подготовка и спроведување на проекти", вели таа. „Ни требаше ваква обука за да можеме да им пристапиме на ИПА фондовите. Обуката беше добро организирана, за три дена можевме да научиме доста работи. Обучувачите ни укажаа на што да внимаваме, на што да ставиме акцент, а дел од работите секако ќе ги градиме со искуството. Посебно ми се допадна тоа што обуката беше интерактивна и што за секое делче од теоријата работевме практична вежба. Мислам дека заради практичната работа она што го научивме повеќе ќе ни остане во сеќавање", вели Наташа Несторoска.

Обуката ја спроведоа Фатмир Битиќи и Тања Хафнер Адеми, обучувачи на МЦМС.

Битолчани ги изгласаа нивните проекти



За сите проекти ќе има доволно средства за спроведување

На 10 јули оваа година, во Битола, се одржа последната форумска сесија од програмата Форуми во заедницата. На оваа форумска сесија битолчани гласаа и избраа четири проекти, кои ќе се финансираат од буџетот на програмата „Форуми на заедницата".

До последната фаза на форумот се изработија проектите: „Спортски комплекс во училишниот двор во село Кишава"; „Тумбе Кафе-основна инфраструктура"; „Тумбе Кафе како спортско-рекреативен комплекс" и „Тумбе Кафе како културно-историска знаменитост и можност".

По сумирањето, најмногу бодови доби Спортски комплекс с. Кишава. Со проектниот фонд беа покриени и другите три проекти, односно за последно-рангираниот проект „Тумбе Кафе како културно историска знаменитост и можност" од проектниот фонд недостасуваат уште 1.743.457,00 МКД за негова реализација, претставници на општината Битола ја презема обврската проектите бидат завршени во целост.

Вкупниот проектен фонд изнесува шест милиони денари.

Подобрување на водоснабдувањето



Ресенчани од почеток до крај во голем број ги поддржуваа Форумите

По девет месеци активно учество, на 10 јули оваа година, околу осумдесет граѓани на Ресен, ги изгласаа проектите за кои мислеа дека се најпотребни за нивната општина.

„Би сакал да изразам голема благодарност за придонесот и ангажманот на МЦМС во текот на целиот процес. Денешната сесија е од голема важност за вас граѓаните на Ресен, бидејќи ќе одлучувате кој проект е ваш приоритет", истакна градоначалникот на општина Ресен, Михаил Волкановски.

Ресенчани гласаа за: „Уредување на дворот и формирање на еколошко едукативен и спортско рекреативен центар – ЕКО СПОРТ", „Подобрување на водоснабдувањето во Преспа", „Заедно за здрава и чиста Преспа" и „Уред за рециклирање на отпад од преработка на дрво". Форумот донесе одлука да се финансира проектот за Подобрување на водоснабдувањето во Преспа.

Следниот чекор е потпишување договор во септември и спроведување тендерски постапки во октомври 2009 година.

Вкупниот буџет за проектот изнесува 8 милиони денари.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов бб, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk